Арх.

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
-Државен инспекторат за животна средина-

Министерство за животна средина и просторно планирање-Државен инспекторат за животна средина преку Виш водостопански инспектор Виолета А. Ѓорѓиева, со службена легитимација рег. бр.06-0024 од 25.01.2024год., изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија во државна сопственост Скопје со седиште на Бул.„3-та Македонска бригада 1“ бр.10а Скопје и со Записник број ип1 31-240 од 22.04.2025 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 83 став 1 од Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/2019,272/24,22/25), а во врска со примена на одредбите од Закон за води, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1) Се Опоменува субјектот на надзор Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија во државна сопственост Скопје , да ги отстрани утврдените недостатоци, и тоа:
   - Да изврши интервенција на дел од речното корито на река Пчиња делница м.в. Горно Поле, КП 4889 КО Винце општина Куманово, на дел од десната страна на брегот во должина од приближно 150 метри, во делот каде е продлабочено коритото и не е обезбеден проток на вода.
   - Да изврши редовен надзор за евентуални оштетувања, ерозија, насобран материјал, нови насобирања или ризик од поплава и да состави извештај

2) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова решение, изнесува 30 (триесет) дена од приемот на решението.

3) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

4) ~~Се задолжува субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, во рок од 15 дена да ги надомести трошоците за вршење на инспекцискиот надзор, во износ од __________денари, на жиро сметка број ________________________.~~

5) Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување

## Образложение

Министерство за животна средина и просторно планирање-Државен инспекторат за животна средина врз основа на член 230 став 1 од Закон за води (Сл. весник на РМ“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на РСМ бр. 151/21,3/25), преку Виш водостопански инспектор Виолета А.Ѓорѓиева, со службена легитимација рег. бр.06-0024 од 25.01.2024 год. изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор, состави Записник број ип1 31-240 од 22.04.2025 година, во кој се констатирани наоди за утврдена фактичка состојба:

Субјектот на надзор Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија во државна сопственост Скопје како надлежен орган заради заштита и подобрување на режимот на водите на дел од речното корито поседувал Дозвола УП1-11/5-1992/22 од 23.02.2023 год. за дел од речното корито на река Пчиња, Кп 4885 Ко Винце, општина Куманово. Со оглед на тоа што е изминат рокот на важење на дозволата, се изврши увид на лице место при што се утврди дека субјектот на надзор на планираната делница работел во временски период од 09.10.2023 год. заклучно со 14.08.2024 год. и за извршените активности водена е следната документација:

- Дневен извештај за податоци за количеството на изваден материјал по попречни профили – на стационажа од 0+000 до 0+220 евидентирани се 1830 м$^3$
- Дневник-Месечен извештај за месец октомври,ноември,декември од 2023год, и месец јули 2024год. на стационажа од 0+000 до 0+220 евидентирана е количина на материјал од 1830 м$^3$
- Градежниот дневник - евидентиран вовед во работа на ден 09.10.2023 год. заклучно со 14.08.2024 год. евидентирани се позиции со количини на вадење со депонирање на градежен материјал од речното корито,транспорт на природен материјал и изработка на насип (1160м3) од речен материјал со извршени дневни активности по попречни профили од стационажа 0+000 до стационажа 0+220 по позиции.

- Изготвени фактури кон правното лице „Випкоп“ доо Куманово и евидентирана количина од 1832 $м^3$ материјал
- Со изготвените фактури пресметана е количината што е пуштена во промет и пресметан е 7% надомест за води
- Искористени испратници со број 0022561 до 0022735
- Останати се неискористени испратници со број 0022736 до 0022800

Од увидот на лице место кој е извршен на ден 22.04.2025 год. е утврдено дека на предметната локација, нема активности, не се вршат зафати во речното корито, не е затекната градежна механизација, нема присутни градежни работници. На локацијата има депонирано дел од материјалот кој е изваден од коритото, за кои субјектот има издадено испратници и изготвени фактури.
Речното корито кое што било предмет на заштита и подобрување на режимот на водите во должина од 1000 метри не е целосно извршено, гледано по течението на реката вршени се активности само на дел од десната страна на брегот во должина од 220 метри и само на тој дел се превземени активности за чистење на вишокот на наносен материјал, бреговите целосно не се уредени и само на дел има изработено насип. Од десната страна на брегот приближно меѓу стационажа 0+140 до 0+220 коритото не е проширено, водниот тек не е насочен и не е извршено промена на коритото согласно одобрениот проект, коритото на тој дел е продлабочено и по профилот не се отстранети ризични пречки и нема изработено насип. Претставникот на субјектот изјави дека во постапка е изработка на Геодетски елаборат за делницата каде се вршеле активностите и за сработеното нема изготвено извештај. По завршувањето на важноста на дозволата субјектот нема извршено редовен надзор за евентуални оштетувања, ерозија, насобран материјал, нови насобирања или ризок од поплава.
За утврдената состојба, ќе се достави известување до Управата за животна средина при Министерство за животна средина и просторно планирање.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА
Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на решението.

Решено во Државен инспекторат за животна средина под број бр. Ип1 31-240 од 23.04.2025 година

Виш водостопански инспектор
Виолета А.Ѓорѓиева д.т.и.
рег.бр.06-0024 од 25.01.2024 год.